**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Су-04-бр.35/22**
**15.08.2022 година**
**О х р и д**

Врз основа на член 20, член 21, член 25, член 26 од Законот за судска служба (*Службен весник на РМ бр.43/2014,33/2015, 98/2015, 198/2018*), член 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција на испитите, проверка на веродостојноста на докази и интервјуто, како и на начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (*Сл.весник на РМ бр.236/2018*) и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид, *Су-04 бр.23/2018 од 29.11.2018 година*, Основниот суд Охрид на ден 15.08.2022 година објавува:

## <u>ЈАВЕН ОГЛАС број 3/2022</u>

### <u>За вработување на неопределено време на следните работни места:</u>

1. Шифра на работно место СУД0101В04001, Категорија В, ниво В4, Помлад судски соработник; ............................................број на извршители – 1 (еден);

2. Шифра на работно место СУД0101Г03001, категорија Г, ниво Г3, Судски референт – дактилограф; ...................................број на извршители – 1 (еден);

3. Шифра на работно место СУД0101Г04001, категорија Г, ниво Г4, Помлад судски референт – извршител во писарница; ...број на извршители – 1 (еден);

4. Хигиеничар......................................................број на извршители – 1 (еден).

Заинтересираните кандидати, согласно член 21 став 1 од Законот за судска служба, треба да ги исполнуваат следните општи услови за пополнување на работните места, и тоа:

**- да е државјанин на Република Северна Македонија;**

**- активно да го користи македонскиот јазик,**

**- да е полнолетен;**

**- да има општа здравствена способност за работното место;**

**- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.**

Покрај општите услови за вработување на судските службеник, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови, утврдени во член 21 став 2 од Законот за судска служба:

1) за работното место наведено под точка 1 од овој оглас:

- **Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на Правен факултет;**
- **Со или без работно искуство во струката;**
- **Општи работни компетенции – активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, и**
- **Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија, (англиски, француски и германски).**

- Број на работни часови неделно: 40 часа;

- Работно време: 07,30 – 15,30 часот;

- Дневна пауза: 11,00 – 11,30 часот;

- Работни денови: понеделник – петок;

- Основна плата: 24.034,00 денари.

2) за работното место наведено под точка 2 од овој оглас:

- **Завршено најмалку Вишо или средно образование;**
- **Најмалку 1 (една) година работно искуство во струката;**
- **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;**
- **Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски).**

- Број на работни часови неделно: 40 часа;

- Работно време: 07,30 – 15,30 часот;

- Дневна пауза: 11,00 – 11,30 часот;

- Работни денови: понеделник – петок;

- Основна плата: 18.000,00 денари.

3) за работното место наведено под точка 3 од овој оглас:

- **Завршено најмалку Вишо или средно образование;**
- **Со или без работно искуство во струката;**
- **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;**
- **Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски).**

- Број на работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: 07,30 – 15,30 часот;
- Дневна пауза: 11,00 – 11,30 часот;
- Работни денови: понеделник – петок;
- Основна плата: 18.000,00 денари.

4) за работното место наведено под точка 4 од овој оглас:

- **Завршено најмалку средно образование;**
- **Со или без работно искуство во струката.**

- Број на работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: 06,00 – 08,00 и 15,00 – 21,00 часот;
- Работни денови: понеделник – петок;
- Основна плата: 18.000,00 денари.

Кандидатите за работните места наведени под **точка 1, 2 и 3** од овој оглас, поднесуваат пополнета пријава, која можат да ја подигнат во Основниот суд во Охрид или да ја симнат од веб страната на судот, а кон која ги приложуваат доказите утврдени во член 26 став 2 и 3 од Законот за судска служба, и тоа:

- Доказ за државјанство, не постаро од 3 (три) месеци;

- Уверение/диплома за завршен степен на образование, **за работното место под точка 1;**

- Сведителства од сите завршени години средно образование, **за работите места под точка 2 и 3;**

- Потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење;

- Лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место, не постаро од 3 (три) месеци;

- Потврда дека со правосилна судска одлука не е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, не постара од 3 (три) месеци;

- Извод од историјатот на вработувања, издаден од Агенцијата за вработување, **само за работното место под точка 2.**

Кандидатите за работното место наведено под **точка 4** од овој оглас, поднесуваат пополнета пријава, која можат да ја подигнат во Основниот суд во Охрид или да ја симнат од веб страната на судот, а кон која приложуваат, и тоа:

- Доказ за државјанство, не постаро од 3 (три) месеци;

- Лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место, не постаро од 3 (три) месеци;

- Потврда дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, не постара од 3 (три) месеци.

**Кандидатите, кон пријавата покрај претходно наведените докази, можат да приложат и:**

- Препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое ги препорачува;

- Потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации,

- Меѓународно признат сертификат за познавање на еден од шесте официјални јазици на Обединетите нации;

- Потврда за волонтерски стаж, издадена од волонтерскиот регистар на Министерството за труд и социлајна политика, односно волонтерска книшка, издадена од Министерството за труд и социјална политика, а потпишана од раководното лице на институцијата, и

- Изјави или документи од интерес за работното место.

Кандидатите се долкжни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Доказите кон пријавата се доставуваат во оригинал или во копие заверено на нотар.

Пополнетата пријава, заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции, кандидатите се должни да ги достават непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака **за Оглас број 3/2022**, на следната адреса:

- **Основен суд Охрид, улица „Македонски Просветители“ бб, 6000, Охрид.**

Ненавремените, нецелосните и неуредно пополнети пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневните весници.

Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на интернет страницата на Основниот суд Охрид, www.osohrid.mk.

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД,**

**Претседател,**

**Васил Баткоски**